www.upoz.org.mk

Синдикален
# БИЛТЕН

СИНДИКАТ НА РАБОТНИЦИТЕ ОД УПРАВАТА, ПРАВОСУДНИТЕ ОРГАНИ И ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИ НА Р. МАКЕДОНИЈА

СИНДИКАТ УПОЗ

БР. 51 (3) ЈУЛИ - СЕПТЕМВРИ 2008

### ПРВА СРЕДБА НА СИНДИКАЛНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА УПОЗ

## АКТУЕЛНИ ТЕМИ – МАКСИМАЛНА АНГАЖИРАНОСТ НА СИТЕ УЧЕСНИЦИ

Првата средба на синдикалните организации на Синдикатот на УПОЗ се одржа во хотелот “Бисер” - Струга на 19 и 20.09.2008 година, со помош на Фондацијата „Фридрих Еберт„. Истата беше организирана како работилница со пленарна дебата. По завршувањето на предавањата учесниците беа поделени во три групи и работата се одвиваше на три теми и тоа:

- **Синдикатот и остварување на правата на вработените во јавниот сектор;**
- **Законот за работни односи - измените, правата на вработените со акцент на правата на вработените млади и**
- **Примената на Законот за безбедност и здравје при работа.**

На средбата свое учество зедоа околу 130 членови на Синдикатот на УПОЗ.



### Како до поефикасен синдикат во јавниот сектор?

За првата тема, „*Синдикатот и остварување на правата на вработените во јавниот сектор*„ предавач беше *проф. д-р Борче Давитковски* кој на почетокот од своето предавање се задржа на тоа што е јавен сектор, што е јавна администрација, а што државна администрација која ја изедначуваат со јавната администрација, а таа е всушност еден сегмент од јавната администрација. Во јавен сектор спаѓа се она што прима плата од Буџет, од фондовите, од посебните судски буџети. Самиот јавен сектор е сегментиран на: државни службеници за кои важи Законот за државни службеници; јавна администрација за која се применува Законот за јавни установи кој е т.н. „чадор закон„ а дејностите во јавниот сектор се регулирани и со посебни закони како на пример: Закон за основно, средно и високо образование, Закон за здравствено осигурување, Закон за култура, Закон за социјално осигурување итн. Во јавниот сектор исто така спаѓаат и лица со посебни овластувања како што се полиција, одбрана, царина, судска полиција кои пак работат по посебни закони и тоа Закон за полиција, Закон за одбрана итн. Како дел од јавниот сектор се и вработените во јавните претпријатија, во фондовите, регулаторните комисии, вработените во локалната самоуправа. И на крај во јавниот сектор, формално-правно спаѓаат и организациите кои имаат јавни овластувања како што се на пример здруженијата на граѓани.

Различното регулирање на положбата на вработените во јавниот сектор негативно се одразува на синдикалните организации во јавниот сектор и на позицијата на синдикатот во преговорите со Владата во остварувањето на правата на вработените од овој сектор. На крајот тој укажа дека вака поставениот синдикат во јавниот сектор не може да одговори на задачата односно да обезбеди ефикасна заштита на вработените. Затоа е потребно синдикатот да инсистира на правно регулирање односно окрупнување на јавниот сектор и внатрешно преорганизирање во рамките на постоечката организациска поставеност на самиот синдикат.

Како заклучок кој произлезе од дебатата поврзана со оваа тема е потребата од поднесување иницијатива за носење на посебен закон со кој ќе се уреди положбата на сите вработени во јавниот сектор, а потоа со посебни закони да се уредат специфичностите на одредени сегменти (за државните службеници, судските службеници, вработените во јавните служби и др.). Активностите во поглед на иницијативата да биде координирана со другите синдикати од јавниот сектор а по пат на јавни трибини, тркалезни маси и директни средби со членството и вработените да се обезбеди широка и целосна поддршка за истата.

Продолжува на ►►► 2

Продолжение од 1 ◀◀◀

### Измените на Законот за работни односи - штетни за работниците

За втората тема *„Правата на вработените со акцент на правата на вработените млади и измените на Законот за работни односи„* предавач беше *асс. м-р Лазар Јовевски* кој укажа на следниве крајно лоши решенија во новиот Закон за работни односи и тоа:

Прво, работничката книшка се заменува со електронска евиденција каде самите вработени можат по електронски пат да видат дали им се платени придонесите за пензиско-инвалидско осигурување и здравствено осигурување.

Второ, укажа на членот каде му се дава право на работодавачот, Договорот за вработување да го пролонгира од 4 на 5 години.

Трето, укажа на членот каде се брише обврската на работодавачот да го врати на работа работникот а истовремено по прогласување на технолошкиот вишок на тоа работно место да вработи друг.

Четврто, го потенцираше членот посветен на ноќната смена каде се брише обврската на работодавачот само една недела да може работникот да го ангажира на работа ноќна смена. Овој член е во директна спротивност со Конвенцијата за ноќна работа на Меѓународната организација на трудот која се однесува на ноќната работа на сите вработени и која за жал Република Македонија ја нема ратификувано.

Петто, се задржа на членот посветен на годишниот одмор со кој се намалува од 26 на 20 со тоа што се остава простор со Колективен договор и Договор за вработување истиот да издејствува и 26 дена, со тоа што не е прецизирано дали се тоа работни денови или обични денови.

Шесто, на крајот се осврна околу обесштетувањето на работникот ако не може да го искористи својот годишен одмор работодавачот да го обесштети парично. Тука ја постави и дилемата дали правото на годишен одмор кое е неотуѓиво право може да се замени со друго право. Инаку според Конвенцијата на МОТ која се однесува на годишниот одмор која Република Македонија ја има ратификувано, тоа строго се забранува.

Како заклучок кој произлезе од дискусијата на оваа точка беше дека некои членови од Законот за работни односи треба да се оспорат пред Уставниот суд, а истовремено да се преговара со Владата, се разбира доколку има слух за правата на работниците, а во спротивно да се отпочнат подготовки за протест, а како крајно решение генерален штрајк.

### Заштитата при работа не е само шлем и „кацига„

За третата тема *“Примена на Законот за безбедност и здравје при работа”* предавач беше инженерот по заштита при работа *Милан Петковски* кој воедно е и претседател на Македонското здружение за заштита при работа.

На почетокот од своето предавање г-динот Петковски до учесниците го постави прашањето што подразбирате под безбедност и здравје при работа. Тој безбедноста и здравјето при работа ја објасни врз морална, правна и економска основа. Според моралната основа едно од правата кое му припаѓа на секој вработен е здраво работно место, а наједноставно кажано под здравје се подразбира “отсуство од болест”, со тоа што работникот оди здрав на работа и исто така треба здрав да си отиде од работа. Кога се работи за економската основа истакна дека од концептот на здравје и безбедност при работа добиваат и работниците и работодавачите. Доколку се применуваат основите за безбедност и здравје при работа работодавачот ќе ги одбегне трошоците за несреќа при работа, за лекување, за намалена работна способност, за замена на работникот кој е отсутен поради повреда при работа, се избегнуваат казните за непримена на заштитните мерки и на крај и самата држава заштедува со тоа што делот од средствата наменети за лекување можат да бидат наменети за развој, за унапредување на работниот процес и др. Правната основа ги дефинира правата и обврските на работниците и работодавачите во однос на безбедноста и здравјето при работа.

Понатаму, г-динот Петковски укажа на тоа дека самиот Закон за безбедност и здравје при работа не е доволен сам по себе и дека треба да се донесат одреден број подзаконски акти со кои би се допрецизирале самите одредби од Законот. Го потенцираше и фактот дека во соработка со синдикатот и Министерството за труд и социјална политика во времето на донесувањe на Законот, беа поднесени огромен број забелешки кои за жал не беа ни разгледани, а да не зборуваме за вградување на истите во законот.

Како една од аномалиите кои ги има самиот Закон е нефункционирањето на Советот за безбедност и здравје, немање соодветен кадар во Македонија кои поседуваат лиценца за безбедност и здравје при работа а кои треба да ја изготват изјавата за проценка на разикот при работа. Како една од слабостите е и немањето на претставници за безбедност и здравје од редот на вработените со тоа што пожелно е тие да бидат синдикалци, се разбира доколку постои синдикална организација.

Како заклучок од дебатата по оваа тема беше потенцирано следново: Законот нема имплементација во пракса, Советот за безбедност и здравје во Македонија конечно да профункционира, да се изберат претставници за безбедност и здравје во рамките на организациите од страна на работниците, одредбите од Законот да се регулира со колективни договори и да се зголеми медиумската кампања околу психолошкиот притисок-мобинг, ергономијата и др.

По завршувањето на работилницата, од сите учесници беше констатирано дека истата беше успешно организирана со тенденција да прерасне во традиција. Основната забелешка е во тоа што на средбата учествуваа едвај една третина од синдикалните организации на УПОЗ, со што не беше постигната целта.

### СЕДУМНАЕСЕТТА СЕДНИЦА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ (4.09.2008 ГОДИНА)

# СИНДИКАТОТ РЕАГИРА НА ЗАКОНИТЕ КОИ СЕ ШТЕТНИ ЗА РАБОТНИЦИТЕ

**На седумнаесеттата Седница на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ се расправаше по два закони кои Собранието на РМ ги усвои за време на годишните одмори. Едниот, како измени и дополнувања на Законот за работни односи кој е штетен за работниците и е трагичен а другиот Законот за судска служба кој е нејасен и неприфатлив, што го прави комичен.**

**На седницата беше усвоена и информацијата за одржаните Четиринаесетти спортски игри а беше донесена одлука и за одржување на Прва средба на синдикалните организации на УПОЗ која ќе има едукативен карактер.**

Како за Синдикатот, така и за пошироката јавност, донесувањето на Измените на Законот за работни односи беше вистински шок. Од овие причини оваа тема се најде на дневен ред на првата седница на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ веднаш по годишните одмори. Претседателот Ванчо Муратовски ги информира членовите дека измените во Законот за работни односи се направени “на препад”, без консултации со Синдикатот и Организацијата на работодавачите, за време на годишните одмори. Од ова може да се извлече заклучокот дека предлагачот – Владата на РМ имала некои свои намери и цели кои сака да ги постигне со донесувањето на законот.

Веднаш по изгласувањето на измените во Собранието синдикатот максимално се ангажира при што на јавноста и членството им укажа дека измените се апсолутно штетни за работно-правната положба на работниците заради што побара од претседателот на државата да него потпише указот за прогласување на законот. Таа цел синдикатот ја постигна, претседателот не го потпиша указот со што беа создадени услови измените да бидат донесени по нормална постапка со учество на трите партнери, влада-синдикат-работодавачи.Меѓутоа, владата остана доследна во својата недоследност, повторно експресно ги донесе измените кои заради настанатиот спор со претседателот на државата кој не ги потпиша указите и за неколку други закони, мораше да бидат изгласани и по трет пат. Собранискиот циркус заврши како и што почна. На третата расправа пред пратениците на Собранието не беше дозволено да се расправа по амандманите кои ги достави Сојузот на синдикатите на Македонија.



Имајќи во предвид дека законот стапи во сила а сите обиди на синдикатот да ја разубеди владата не дадоа резултат, беа преземени и други чекори. Така, за целата ”лакрдија” околу донесувањето на измените беа известени и Канцеларијата на Советот на Европа-канцеларија во Скопје, Европската конфедерација на синдикатите, Светската синдикална организација и Меѓународната организација на трудот.

На седницата беше разговарано и за натамошните чекори кои синдикатот треба да ги преземе со цел да го искаже своето неслагање и револт по измените на законот, да изврши притисок врз владата да прифати дијалог со синдикатот и да се преговара за некои решенија кои, не само што не се прифатливи и штетни за работниците туку претставуваат и драстично кршење на меѓународните конвенции кои ги има ратификувано нашата држава, препораките на Меѓународната организација на трудот и Советот на Европа.

По дискусиите на присутните беше заклучено сите синдикални организации да одржат состаноци на кои членовите непосредно ќе бидат информирани за измените како и натамошните чекори на синдикатот. Во таа насока, на седницата беше договорено да му биде предложено на Советот на ССМ да се организира еднодневен протест а доколку истиот не даде резултат да биде организиран и Генерален штрајк.

**Законот за судска служба - промашен**

Многу време Синдикатот на УПОЗ се обидуваше да биде активен учесник во донесувањето на Законот за судската служба, најавуван како раформски закон. По поднесената работна верзија синдикатот реагираше и сметаше дека предложените решенија се половични и нема да значат квалитетно подобрување на статусот на судските службеници што беше и основа за донесување на овој закон. Во меѓувреме платите на судиите беа зголемени а судските службеници не добија никакво зголемување. Од овие причини револтот од ниските плати беше изразен со тридневен штрајк во мај 2006 година.

Во таа прилика и министерот за правда и претседателот на Врховниот суд ги оправдаа барањата на вработените за повисоки плати а министерот изјави дека судските службеници треба да бидат трпеливи и дека со донесувањето на Законот за судска служба ќе се реши и тоа прашање. Дури и во образложението за донесување на законот стои дека целта за неговото донесување е “да ги подобри условите за работа и зголемување на платите на судските службеници”.

Веќе во првата верзија од предлогот на законот можеше да се види дека целта е промашена и дека од ветувањата за поголеми плати ќе нема ништо, беше констатирано на седницата. Синдикатот бараше подобри решениј, но неговите предлози беа одбивани. Од овие причини се штрајкуваше уште трипати. Кога вработените цврсто застанаа и штрајкот отпочна со барање за исполнување на најелементарните предлози на синдикатот, беа распишани предвремените парламентарни избори заради што штрајкот мораше да биде ставен во мирување.



Веднаш по конституирањето на новата влада, Законот за судска служба експресно беше донесен во Собранието и во него, не само што не беа прифатени предлозите на синдикатот туку беа предложени уште полоши решенија. Така, за усвоениот Закон за судска служба можеме да кажеме дека е вистинска пародија и претставува една комична приказна која го уназадува и ќе го уназади уште повеќе правосудството како и статусот на судските службеници.

Што после се ова? - беше прашањето што се постави на седницата. Дали продолжувањето на штрајкот е единствениот можен одговор? Во заклучоците од седницата беа предложени повеќе можности со цел да се дојде до некакви позитивни решенија: да се бара средба со министерот за правда и претседателот на Врховниот суд со кој ќе се бара преодно решение во утврдувањето на вредноста на бодот, потоа оспорување на некои членови од Законот кои се во спротивност со Уставот на РМ а ако до крајот на октомври не се успее во изнаоѓање на прифатливо решение, штрајкот кој беше ставен во мирување, да продолжи како одговор на неодговорните кои предлагаат и донесуваат вакви закони.

За овие прашања, беше заклучено, да се закажат состаноци со синдикалните организациии и за истите да се разговара со цел и тие да се произнесат по нив и потоа да биде донесена конечната одлука.

## Прва средба на синдикалните организации на УПОЗ

Синдикатот на УПОЗ има богата традиција на планот на едукацијата. На седницата на Претседателството беше прифатен предлогот, во втората половина на септември да биде организиран Првиот собир на синдикалните организации на УПОЗ. Целта на ваквиот собир е да опфати по најмалку еден претставник од секоја синдикална организација и да се разговара за актуелни синдикални теми. Средбата ќе биде организирана со финансиска поддршка на Синдикатот на УПОЗ и Фондацијата ”Фридрих Еберт”- канцеларија во Скопје, со што ќе им се овозможи на сите да учествуваат во работата на оваа средба. Доколку оваа средба биде посетена и позитивно прифатена, можно е таа да прерасне во традиционална. Истата ќе претставува и можност за годишно среќавање на членството на средба на која, не само ќе се расправа за одредени актуелни прашања, туку таа ќе биде и можност за договарање на наредните активности на синдикатот.

На седницата беше усвоена и информацијата за одржаните Четиринаесетти спортски игри и средби при што беше констатирано дека оваа година неколку екипи кои традиционално учествуваат на игрите и покрај пријавеното учество не беа дел од учесниците. Иако имаше и објективни околности за нивното неучество, сепак во одредени средини беше направен притисок да не се учествува. Налогодавачите со тоа ја постигнаа целта но беше промашена главната, дека овие спортски игри и средби се вистинска можност за дружење, меѓусебно запознавање и натпреварување во спортски дух на огромен дел вработени во јавната администрација.


**IMPRESSUM**

**Гласило на Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на РМ**

12 Ударна бригада 6б–Скопје,
тел: 02/31–26–351; тел./факс: 02/32–30–829;
www.upoz.org.mk
• Билтенот го подготвува и уредува:
**Пецо Грујовски**
• Подготовка за печат “Макформ”– Скопје
• Тираж 600 примероци